Радио аматерски клуб
„КОЧА МИЛЕНКУ„
Z37AAZ
Бр. 03-сп.
14.12.2023 Год.
КРУШЕВО

До

Општина Крушево Одделение за ЛЕР

Крушево

Примено: 14.12.2023

| Орг. ед. | Број | Прилог |
|---|---|---|
| 03 | 787/2 | 1 — |

0307
10.Sog.

Предмет : информација , доставува

Почитувани ,

Врз основа на чл. 7 од взаемно потпишаниот Договор бр.03-787 /1 за финансирање на активности на Здружение Радиоаматерски Клуб „Коча Миленку „ од Крушево ,ја поднесуваме оваа информација за реализација на поднесената Програма за 2023 година и користењето на доделените средства од ваша страна .

1. Во однос на реализацијата на програмата , во прилог Ви го доставуваме Записникот од седница на ИО на Радио Клубот од 18.09.2023 г. , во кој во точка 1. се образложени сите активности .
2. Доделените средства од ваша страна во висина од 15.000 ден се трошеа на следниот начин :
   - 2160 ден . за маици со ознака на радио клубот , по ф-ра бр 0291-08-23 0д 15.08.2023 (Бабук дооел Битола )
   - 550 ден . административна такса, Министерство за финансии , за АЕК за продолжување на дозвола за користење на радиофраквенции за Радио клубот
   - 2600 ден. за пано ,по ф-ра 0250-07-23 од 18.07.2023 од Бабук Доол Битола

- 1460 ден. (материјални трошоци , Централен регистер на РМ , трошоци за нотар )
- 1200 ден . платена членарина кон Радиоаматерскиот сојуз на Македонија за два члена на Радио Клубот , по Одлука на ИО на Радио Клубот.
- 2063 ден . провизија на УНИ банка за извештајниот период.

| | |
|---|---|
| Вкупно потрошено | 10.033 ден. |
| Салдо на ден 3.10.2023 | 4.967 ден |
| Вкупно | 15.000 ден |

Крушево 14.12.2023 претседател на радио клубот

# Записник

Од седницата на Извршниот Одбор на Радио Клубот ,, Коча Милленку ''
Z37AAZ , одржана на ден 18.09.2023 со следниот

## Дневен ред

1. Извештај за активноста на Радио Клубот во учество на манифестацијата ,, Десет дена Крушевска Република ''
2. Донесување на одлука

Претседателот на Радио Клубот Сотир Христоски ги запозна членовите на РК за активноста на радиоаматерите на Македонија во одбележувањето на 120 години од Илинденското Востание , а во рамките на манифестацијата ,, Десет дена Крушевска Република '' .За таа цел во март месец 2023 година делегација на Радиоаматерскиот Сојуз на Македонија го посети Градоначалникот на Крушево Томе Христоски , за до го информира дека Сојузот сака да учествува во манифестацијата 10 дена Крушевска република , со одржување на радио врски со радиоаматерите на целиот свет , а со цел афирмација не само на радиоаматеризмот , туку и на историјата на Македонија со Илинденското Востание , чиј центар беше Крушево. Градоначалникот даде целосна подршка , и со тоа почнаа подготовките за нашето учество .Радиоаматерскиот Сојуз превзеде обврска за добивање посебен знак Z3 120 KR од АЕК , пријавување во МВР , понуда за радиоаматери ( активатори ) од РМ за активно учество 10 дена во Крушево на платото пред споменикот Илинден и други организациски активности. Радио аматерите од Битола се обврзаа да обезбедат МТС ( примопредатватели , антени , компјутери и др. ), изработка на пано ,

пригодни маици и др.  А Радио Клубот ,, Коча Миленку''  од Крушево се обврза да обезбеди финансии преку спонзори .

Сите обврски се целосно остварени , па на 31.август 2023  од кога се наместија МТС на определеното место , започна одржувањето на радиоврски од страна на пријавените радиоаматери активатори , се до 10 август. Одржани се околу 6000 врски со  радиоаматери од целиот свет ,  а од нив со дипломи се здобија околу 120 радиоаматери од целиот свет. Со тоа нашата цел афирмација на радиоаматеризмот и афирмација на Илинденското востание се целосно остварени.

Членовите на ИО на Радио Клубот целосно го подржаа известувањето на претседателот . Претседателот им го презентира и финансискиот извештај за активностите на Радио Клубот ( спонзори и прибрани средства, и нивно трошење) . И овој извештај целосно беше прифатен. На предлог на Претседателот , се одлучи записникот и финансискиот извештај да се испрати до Радиоаматерскиот Сојуз на Македонија , како придонес за приготвување на целосен извештај од нивна страна .

2. По втората точка на предлог на Претседателот едногласно се донесе одлука на активните радиоаматери на нашиот Клуб кои се невработени (Кузманоски Тони и Велески Петар ) , да им ја плати членарината кон Радиоаматерскиот сојуз на Македонија.

Крушево  18.09.2023

претсдател на РК

Радио аматерски клуб ,,Коча Миленку" Z37AAZ Крушево